Врз основа на член 108 од Статутот на Медицински факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 458/19 и 458/21-анекс), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19), Деканатската управа на својата IV редовна седница одржана на 11.04.2024 година, ја донесе следнава

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Република Северна Македонија
Бр. 02-2047/10
11.04.2024 год.
СКОПЈЕ

# ОДЛУКА

за утврдување на листа на информации од јавен карактер

## Член 1

Со оваа Одлука се утврдува листата на информации од јавен карактер, кои ги создал и со кои располага Медицинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон.

Оваа листа на информации од јавен карактер ги содржи информациите кои ги создаваат органите на Медицинскиот факултет во Скопје и тоа:

- **Акти (општи)** - (достапни во Универзитетски гласник, на веб страната на факултетот)
- **Тековни активности** - (достапни на огласни табли, веб страница)
- **Годишни извештаи** - ( достапни во Публикација, веб страница)

*Настава*

- **Извештаи за студенти по разни основи, број на запишани, дипломирани студенти. На додипломски студии, последипломски студии и доктори на науки**. (Достапни во: Извештаите на Заводот за статистика, Универзитетот)
- **Студиски и предметни програми за интегрирани, академски и тригодишни студии**. (Достапни во посебни публикации(водич на студенти) веб страницата, извештаи на Универзитетот.
- **Распореди на предавања, резултати и испити есеи и сл**. (Достапни на веб страницата и огласна табла на Факултетот)
- **Регистар на наставно научни лица** (Достапни на веб страницата на Факултетот, извештај на Универзитетот,Завод за статистика, Министерство за образование)
- **Регистар на соработнички звања** (достапни на веб страната, извештај на Универзитетот, Завод за статистика, Министерство за образование)

*Научноистражувачка и апликативна дејност*

- **Научни и апликативни проекти** (достапни во посебни публикации, веб страницата)

*Меѓународна соработка*

- **Договори за меѓународна соработка** (достапни во службата за меѓународна соработка.

***Библиотечно работење (достапни во матична книга за евиденција на книжниот фонд, списанија, билтени, картотеки, веб страницата)***

***Издавачка дејност***

- **Изданија на факултетот** (достапни во библиотеката)

***Финансиско и материјално работење***

- **Годишен извештај за финансиско материјално работење** (достапни во Управа за јавни приходи, Државен завод за ревизија, Централен регистар и Министерство за образование)

**Член 2**

Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци (од персоналното досие на вработените, досието на студентот и лични податоци прикажани во други материјали), податоците од тековните финансиски активности по сите основи и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации со член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 3**

Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страницата на Факултетот.

**Член 4**

Деканот или овластеното лице од деканот определува простории за увид во информациите на Факултетот.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан
Проф. д-р Светозар Антовиќ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Медицински факултет Република Македонија Скопје